ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

## Под окото на јавноста:



# Правото на приватност на јавните личности во Македонија

res public



ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# ПОД ОКОТО НА ЈАВНОСТА:
# ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА

res public

res public

**ПОД ОКОТО НА ЈАВНОСТА:**
**ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА**


| | |
|---|---|
| Издавачи: | Институт за комуникациски студии<br>Висока школа за новинарство и за односи со јавноста<br>Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје, Македонија<br>www.iks.edu.mk<br>www.vs.edu.mk |
| За издавачот: | Жанета Трајкоска |
| Автор: | Билјана Каровска Андоновска |
| Уредници: | Бојан Георгиевски, Жанета Трајкоска |
| Дизајн: | Љубен Димановски |

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британската амбасада во Скопје, во рамките на проектот „Зголемување на моќта на граѓанското општество во Македонија за изразување на јавниот интерес (транспарентност и отчетност на институциите)“


Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада во Скопје.

# Содржина

6 Апстракт

7 Вовед

8 Осврт кон клучната литература и теорија

11 Европска регулаторна рамка и стандарди

15 Анализа на законодавството и стандардите во Република Македонија

21 Правото на приватност во контекст на објавените разговори од следени комуникации

28 Заклучни согледувања

29 Препораки

30 Библиографија

33 Белешка за авторот

34 За проектот

35 За издавачот

# Апстракт

Предмет на ова истражување се основните критериуми и стандарди за условите и начинот на кој медиумите треба да објавуваат информации кои се од јавен интерес, а кои можат да навлезат во приватната сфера на една индивидуа. Во фокусот на истражувањето е улогата на медиумите во постигнување на неопходната рамнотежа во ползување на правото на приватност и правото на информирање. Целта на истражувањето е да се утврди дали релевантните европски стандарди се вградени во националната легислатива и дали истите се почитуваат од страна на медиумите во Македонија. Посебен осврт е направен во однос на примената на нормативите и стандардите при медиумското објавување, во текот на 2015 година, на аудио снимки од нелегално следените телефонски комуникации. За таа цел, истражувањето опфаќа сумарен преглед на европската регулаторна рамка и на стандардите поставени преку праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), како и анализа на националната легислатива во оваа област. Низ студии на случај утврдени се конкретни заклучоци во однос на тоа дали медиумите се обидуваа и колку успеваа да го балансираат приватниот интерес наспрема интересот на јавноста да биде информирана со содржината на прислушуваните телефонски разговори. Крајната цел на истражувањето е да се идентификуваат специфичните тенденции и да се добијат релевантни информации за креаторите на јавните политики во сферата на заштита на приватноста во Македонија. Истражувањето ќе понуди и соодветни препораки за задоволување на т.н. тест на јавен интерес кој го спроведува ЕСЧП кога одлучува во конкретни случаи за тоа дали медиумите постигнале правичен баланс помеѓу правото на приватност и правото на јавноста „да знае“.

# Вовед

Современото општество генерира ризици за приватноста и затоа со право се смета дека почитувањето на приватноста станува едно од најважните човекови права во модерното време. Оваа констатација е оправдана во контекст на потенцијалните опасности за загрозување на приватноста преку современите технологии, медиумите, социјалните мрежи и други средства за масовна комуникација. Приватноста е потенцијално загрозена и од примената на новите мерки за контрола на глобалните општествени безбедносни закани со кои несмасно се навлегува во приватноста на поединците, понекогаш и под превез на заштита на безбедноста. Поради овие причини, обезбедувањето на адекватни механизми за заштита на приватноста е предизвик за секој современ правен систем. Дали државите обезбедуваат адекватна правна и институционална заштита, е дискутабилно прашање. Можеби подобро е да се постави прашањето - дали воопшто е можно да се обезбеди ефикасна заштита на приватноста во услови во кои функционира современиот свет?

Потребата за оваа анализа се наметна поради фактот што почитувањето на приватноста се чини дека се покажа како ненаучена лекција за многу актери на јавната (политичка и медиумска) сцена во Македонија. Особено во контекст на скандалот со нелегитимно следените комуникации и начинот на кој медиумите ја информираа јавноста во врска со тоа. Содржината на следените комуникации се објавуваше интегрално на прес-конференции од страна на најголемата опозициска политичка партија, а дел од медиумите ги пренесуваа овие разговори во целост. Оваа невообичаена практика на објавување на туѓи телефонски разговори го вклучи сигналот за аларм на законодавните тела и како резултат на тоа беше донесен Законот за заштита на приватноста. Овој Закон сепак не понуди доволно конзистентни и издржани решенија, а воедно остави отворени неколку клучни прашања кои можат да имаат големи последици врз начинот на кој во иднина ќе се третира објавувањето на информации кои засегаат во нечија приватност. Во целиот овој сплет од случувања, погледнато од денешна временска дистанца, загрижува фактот што приватни разговори се уште се достапни на Youtube и на други портали и особено фактот дека во електронскиот медиумски простор се уште во континуитет се пласираат нови разговори со исклучително приватна содржина. Тоа наведува на констатација дека веројатно никој не знае, кој и колку поседува од аудио снимките од овие прислушувани разговори, за какви цели може да ги искористи и кога ќе ги направи достапни до целата јавност.

Поради наведените факти и констатации, целта на овој документ е преку примена на методот на деск истражување и со компаративна анализа на европското и националното законодавство и стандарди, да даде одговор на следните истражувачки прашања:

истражувања, медиумски објави и други документи).

1. Дали националното законодавство е конзистентно и усогласено со европската регулаторна рамка и со стандардите во однос на почитувањето и заштитата на приватноста?
2. Дали медиумите применуваат соодветни механизми кои не го ограничуваат правото на информирање и кои истовремено гарантираат заштита на личноста кога објавуваат информации кои можат да ја повредат приватноста на лицата кои се засегнати со одредена објава?
3. Дали објавувањето на прислушуваните разговори го задоволи т.н. тест на јавен интерес, односно дали медиумите балансираа помеѓу потребата за информирање на јавноста и потребата за почитување на приватноста?

# 1

# ОСВРТ КОН КЛУЧНАТА ЛИТЕРАТУРА И ТЕОРИЈА

## 1.1. Приватност и право на почитување на приватноста

Антологиската статија со наслов „The Right to Privacy“ објавена во 1890 година од авторите Семјуел Ворен (Samuel Warren) и Луис Брендајс (Louis Brandies),[1] е прв обид за препознавање на правото на приватност како независно субјективно право. Статијата е посветена на проценка на односот помеѓу слободата на изразување и правото на приватност. Авторите биле инспирирани од тогашното преминување на границата на пристојност и навлегување на печатените медиуми во приватниот живот на поединците. Целта на објавување на статијата била пронаоѓање легална основа за заштита од емоционална штета и за надомест за претрпената душевна болка при повреда на личноста, идентично како што е обезбедена правната заштита од физички повреди. Во статијата, Ворен и Брендајс ја реафирмирале фразата «право да се биде оставен на мира» (*right to be let alone*), која прв пат била употребена повеќе од половина век претходно во пресуда на Врховниот суд на САД.

Иако се чини дека е едноставно утврдувањето на поимот приватност, бидејќи навидум овој термин е општо познат за сите, сепак, не постои општо прифатена дефиниција за приватноста. Оттука, и констатацијата дека «од сите човекови права во меѓународниот каталог, приватноста е можеби најтешко да се дефинира».[2] Зборот приватност е многу неодреден затоа што има многу работи во нашиот секојдневен живот кои не можеме да ги чуваме лично за себе и многу други работи кои сакаме да ги чуваме во приватност.[3] Неизвесноста во концептот и неговата примена, со некохерентности и парадокси, се чини дека се дел од природата на приватноста[4]. Во илустрирање на овој став се изнесуваат контрадикторности карактеристични за природата на приватноста, како што е конфликтот на приватноста со правото на информирање и динамичната природа на приватноста во која како посебно својство се издвојува нејзината адаптација на промените. Поради тоа, ставовите во врска со приватноста (правни, социолошки, етички, итн.) се разликуваат во различните општества. Приватноста поинаку се доживува и помеѓу различните индивидуи.

Приватноста е несомнено комплексен поим. Може да се разликува како **просторна** приватност која се однесува на домот, **информациска** приватност која се однесува на податоците за личноста и **комуникациска** приватност која се однесува на личните записи, преписки и секој вид на комуницирање.[5] Приватноста е лимитиран пристап на другите кон поединецот.[6] Приватноста ја заштитува индивидуалноста, независноста, достоинството и интегритетот на поединецот.[7] Се чини дека меѓу многубројните дефиниции, можеби најексплоатирана е дефиницијата за правото на приватност како «право на поединците, групите и институциите самите да одредат каде, како и во која мера, информациите за нив ќе се соопштуваат пред другите луѓе».[8] Вака утврдено, правото на приватност е израз на суверенитетот на една индивидуа и овозможува контрола на информациите и на границите во просторот во кој таа може да го организира својот личен живот по сопствена мерка.

1 Warren, S. & Brandies, L., The Right to Privacy, Harward Law Review, No. 5, Boston, 1890
2 Michael, J., Privacy and Human Rights, 1 (UNESCO 1994), стр. 1
3 Garrett, B., Individual Right and Civic Responsibility, The Right to Privacy, The Rosen Publishing Group, Inc., 2001, стр. 7
4 ALLEA, Report Series 2, Privacy Protection in the Information Society, (Issues and recommendations), 2002, стр. 12
5 Boban, M., Pravo na privatnost i pravo na pristup informacijama u suvremenom informacijskom društvu во Zbornik radova Pravnom fakultetu u Splitu, 3/2012, 575-598, стр. 584
6 Flaerty, D., Protecting Privacy in Survelliance Society, The University od North Carolina press, 1989, стр. 8
7 Bloustein, E., Privacy as an aspect of Human Dignity, 39 New York University Law Review, 1964, стр.971
8 Westin, A.F., Privacy and Freedom, Bodley Head, 1970

## 1.2. Правото на приватност наспрема правото на изразување и на информирање

Поради природата на заштитените интереси, правото на приватност е во латентен конфликт со правото на изразување и информирање. Решавањето на конфликтот помеѓу нив е деликатен процес и претпоставува одговор на следните прашања: До каде е дозволено слободното изразување без тоа да значи повреда на интегритетот на една личност? Каде да се бара границата помеѓу општиот интерес и правото на информирање, наспрема интересот за заштита на приватноста?

Постигнувањето рамнотежа во односот на двете права е од суштинско значење. Балансирањето во ползувањето на правата е неопходен за зачувување на автономијата на личноста и за слободното изразување и слободата на информирање. Улогата на медиумите во постигнување на тој баланс е огромна. Медиумите треба да пренесат одредена информација до широката јавност, доколку информацијата е од јавен интерес, но и да се воздржат од пренесувањето на некоја информација, колку и да е голема љубопитноста на јавноста за таа информација, доколку во конкретниот случај проценат дека не постои јавен интерес за тоа. Во настојувањето да се постигне рамнотежа, јавниот интерес, како категорија, не смее да се поистовети со категоријата «интересно за јавноста.» Љубопитноста на граѓаните не е релевантен критериум за оценка на оправданоста за објавување. Одредена тензија постојано се чувствува помеѓу љубопитноста на јавноста за приватниот живот на други лица и индивидуалниот интерес на поединецот да ги задржи само за себе деталите од својот приватен живот. Меѓутоа, интересот на читателот да се забавува, генерално носи помалку тежина отколку интересот за заштита на приватната сфера. Од овие причини, клучно прашање за медиумите е одмерувањето на релевантноста на информацијата од аспект на јавниот интерес. Постоењето на јавен интерес во врска со одредена објава, се проценува во секој конкретен случај и според спецификите на случајот. Баланс може да се постигне преку примена на соодветни начела и критериуми, а на ниту едно од правата не смее a priori да му се даде приоритет.

Во истражување на тема **Приватност, чесност и јавен интерес** публикувано од Ројтерс Институтот за студии по новинарство, политика и меѓународни односи,[9] во заклучните констатации, помеѓу останатото, авторите подвлекуваат дека секое лице без оглед на тоа дали е јавна личност или лице кое не е познато на јавноста, има потреба за приватен простор каде ќе се повлече од другите со цел за личен развој што е од суштествено значење за неговиот интегритет како човечко суштество, за зачувување на менталната и физичката рамнотежа, за одржување и развој на личните односи, спроведување на приватни интереси и негување на личноста. Како области кои не треба да бидат изложени во јавноста, без значително оправдување за постоење на јавен интерес, овие автори ги посочуваат полот, сексуалноста, здравјето, семејниот живот, личната преписка и финансии (освен каде што се вклучени јавните пари или корупција). Притоа, разбирливо највисока заштита на приватноста сите очекуваат околу она што се случува во домот, во болниците или други области на здравствената заштита или на места каде што луѓето се најмногу ранливи.

9 https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/sites/default/files/Privacy,%20Probity%20and%20Public%20Interest_0.pdf

## 1.3. Приватноста на јавните личности и државните функционери

Славата и интересот на јавноста неминовно доведуваат до разлика во третманот на приватниот живот на обичен човек и животот на една јавна личност.[10] Поради нивната слава, животот на јавните личности надвор од домот и особено на јавни места, неминовно е предмет на одредени ограничувања. Условот за почитување на приватноста е автоматски редуциран за онолку колку што самото лице е навлезено во јавниот живот или има контакт со други заштитени интереси.[11] Јавноста може да биде информирана дури и за сегменти од приватниот живот на овие лица доколку се процени дека тоа е од јавен интерес и дека со тоа се постигнува целта на информирањето. Медиумите имаат право и обврска да известуваат за прашања кои го свртуваат вниманието на јавноста во врска со теми кои се актуелни. Медиумите ја извршуваат својата улога на “чувар на демократијата” преку пренесување информации и идеи за работи од јавен интерес. Меѓутоа, како што подвлекува и Европскиот суд за човекови права во своите пресуди, таа улога на медиумите станува помалку важна во случаите поврзани со приватни лица и тука слободата на изразување бара поограничено толкување. Обратно кажано, овој став на ЕСЧП значи дека разумните очекувања за приватност се потесни за јавните личности и за други лица кои јавноста ги знае поради тоа што извршуваат политичка функција или друга јавна дејност. Маргината на разумните очекувања за приватност особено треба да бидат стеснети кога станува збор за политичарите како специфична категорија на јавни личности. ЕСЧП “придава највисоко значење на слободата на изразување во контекст на политичката дебата и смета дека политичкиот дискурс не треба да биде ограничен без цврсти причини” со цел да не дојде до гаснење на критичката мисла.[12] Појдовна точка е дека правото на слобода на изразување е „скапоцено за сите” и дека е “особено важно за политичките партии и нивните активни членови...”, бидејќи тие ги претставуваат избирачите и нивните интереси.[13] Сепак, кога станува збор за политичари, информациите кои се објавуваат ќе бидат релевантни доколку се однесуваат на начинот на кој политичарот се справува со обврски и овластувања кои произлегуваат од функцијата на која е избран. Приватни и интимни релации, вонбрачни врски и слични компромитирачки информации, може да бидат од јавен интерес, доколку тие врски се основа за корумпираност, стекнување неосновани привилегии, излевање на буџетски средства, непотизам, итн. На пример, ако станува збор за политичар кој се залага за почитување на одредени вредности, тогаш оправдано ќе биде објавувањето на информации од кои јавноста може да види дека токму тој не ги почитува тие вредности за кои се залага. Читателите или гледачите истовремено се и гласачи и затоа е легитимно да бидат информирани за тие факти. Притоа, колку е поголема информациската вредност за јавноста, толку е поголем интересот на едно лице да биде заштитено во однос на објавувањето. Ова сепак не значи дека на јавните личности и на државните функционери им се оспорува правото на почитување на нивната приватност. Меѓутоа, се смета дека на некој начин тие треба да го издржат притисокот врз приватноста, како цена која треба да ја платат заради тоа што извршуваат јавна функција или поради друга причина се експонирани во јавноста и практично својот живот го живеат “пред очите на јавноста”. Поради тоа, од јавните личности и меѓу нив особено политичарите, се очекува да прифатат поголем степен на толеранција и мора да бидат отворени за поголема критика од страна на новинарите и јавноста.

10 http://www.sbc.org.pl/Content/11963/doherty.pdf - POLITICIANS AS A SPECIES OF ”PUBLIC FIGURE” AND THE RIGHT TO PRIVACY
11 http://privatnost.mk/balans-pomegu-pravoto-na-privatnost-i-pravoto-na-informiranost
12 Трајковска Лазарова, М., Слободата на изразување низ праксата на Европскиот суд за човекови права, МЦМС, Скопје, 2015, стр.12
13 Исто

# 2

# ЕВРОПСКА РЕГУЛАТОРНА РАМКА И СТАНДАРДИ

## 2.1. Европска конвенција за човековите права и основни слободи

Европската Конвенција за човековите права и основни слободи (ЕКЧП)[14] ја заштитува приватноста преку членот 8 кој е комплексен и упатува на четири сфери на заштита: приватен живот, семеен живот, дом и комуникација. Внатре во секоја од овие сфери се преплетуваат низа сегменти кои се поврзани со приватноста на една индивидуа. Правото на приватност заштитува исклучително широк спектар на лични интереси. Тој се протега на различни аспекти од личниот живот и семејните односи, преку идентитетски и родителски права, па сè до правото на здрава животна средина како аспект на приватниот живот.

Правото на приватност не е апсолутно. Исклучоци од почитувањето на приватноста се утврдени во став 2 на членот 8 од Конвенцијата. Исклучоците треба да се предвидени со закон и да се неопходни во едно демократско општество заради заштита на националната и јавната безбедност, економската благосостојба, спречување на безредие и криминални дејствија, заштита на здравјето и моралот на луѓето или заштита на правата и слободите на другите луѓе.

Во утврдување на применливоста на членот 8, државите имаат право на дискреционо одлучување во рамките на одредена таканаречена „маргина на проценка". Со текот на годините маргината на проценка се разви како доктрина која е прецизна во однос на своето значење, но се покажа како прилично растеглива при нејзината примена во праксата. Појавата на еманации на правото на приватност, укажува на фактот дека со основните четири аспекти на приватноста, не е затворена листата на сферите кои потпаѓаат под правото на приватност и дека концептот е со тенденција на проширување. Современите предизвици со кои се соочува правото на приватност во континуитет отвораат низа нови прашања кои можат да се подведат под сферите на приватност. Некои од нив се директна последица од развојот на медицинските науки, како прашањата поврзани со импликациите од промената на полот, асистираната репродукција, итн. Прашањата се речиси неисцрпни и листата на односи кои можат да се подведат под право на приватност не е затворена.

## 2.2. Директива 95/46/ЕК на Парламентот и Советот на ЕУ за заштитата на поединците во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на тие податоци

Современиот третман на правото на приватност добива една поширока димензија преку третманот на личните податоци како посебен израз или аспект на приватноста, или дури и како посебно ново право изведено од правото на приватност. Системот на начела и мерки за заштита на приватноста преку заштита на тајноста на личните податоци во европските држави е воспоставен преку низа правни акти. Исклучително значаен и сеопфатен документ претставува Директивата 95/46/ЕК за заштитата на поединците во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на тие податоци.[15] Целта на донесување на Директивата беше усогласување на националните законодавства на членките на ЕУ во однос на воспоставување единствени стандарди и начела за квалитетот и циркулацијата на податоците, како и во однос на правата на субјектот на податоците. Директивата утврди

14 http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf
15 http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31995L0046:en:HTML

низа принципи согласно кои собирањето и обработката на личните податоци може да се врши само за легитимни цели, податоците треба да се точни и соодветно обработени и не треба да се чуваат подолго од потребното време со оглед на намените за кои биле собрани, како и да се чуваат во форма која дозволува идентификација на субјектот на личните податоци. На субјектите на личните податоци треба да им се овозможи пристап до досието со податоците, како и измена или бришење на податоците кои не се точни или не се соодветно обработени. Обработка на посебните категории на податоци генерално е забранета, освен во посебно утврдени случаи.

Во овој контекст, треба да се спомене и Директивата 2002/58/ЕК[16] за обработка на лични податоци и заштита на приватноста во секторот на телекомуникациите чии нормативи се однесуваат на безбедноста и доверливоста на електронските комуникации, обработката на податоци за локација и сообраќај, автоматското пренесување на повик, идентификување на повикувачката и повиканата линија, користење на детални сметки, услуги од именици и други слични прашања. Директивата е насочена кон елиминирање на пречките во внатрешниот пазар на телекомуникациите, создавање доверба кај корисниците на напредните технологии од евентуален ризик за нивната приватност и преземање на мерки кои треба да го оневозможат неовластениот пристап до комуникации од страна на јавните телекомуникациски мрежи и давателите на јавните телекомуникациски услуги.

На основа на стандардите поставени со актите на ЕУ, европските држави речиси унифицирано ја регулираа заштитата на личните податоци. Меѓутоа, ова законодавство беше усвоено во време кога многу од денешните Интернет услуги и предизвиците кои тие ги носат во однос на заштитата на податоците, се уште не постоеја. Поради овие причини, Европската унија започна со модернизација на постојните правила. Усвоен е реформски пакет чија примена ќе започне во април 2018 година. Реформскиот пакет вклучува Регулатива за заштита на физичките лица во однос на обработка на личните податоци, како и Директива за обработката на личните податоци за целите на кривичните истраги. Некои од позначајните новини во реформираното европско законодавство, релевантни за ова истражување, се на пример следните:

- **Контролата на субјектите** врз нивните лични податоци ќе се обезбедува преку обврската за барање нивна согласност за обработка на личните податоци. Согласноста треба да е изразена експлицитно, не е дозволено да се претпоставува дека субјектот е согласен. Молчењето не се смета за изразена согласност. Освен тоа, поединците ќе треба без непотребно одлагање да бидат информирани кога нивните лични податоци ќе бидат пробиени (хакирани). Во случај на сериозни прекршувања, компаниите се должни да го известат надзорниот орган за заштита на личните податоци што поскоро, со цел да се преземат соодветни мерки.

- **Право на бришење** на податоците или тн. "право да се биде заборавен (right to be forgotten)" е опција која на поединците ќе им даде можност да бараат бришење на нивните лични податоци, како и да бараат да биде запрено понатамошно споделување на информациите за нив. Бришењето на некоја објава или фотографија од одреден портал или социјална мрежа ќе значи обврска и за соодветната компанија да ги избрише тие податоци од својата база на податоци. Ова право ќе може да се оствари доколку податоците не се повеќе потребни согласно целите поради кои биле собрани или обработени; кога субјектот на податоците ја повлекол согласноста за обработката на неговите лични податоци; кога истекол периодот за чување на податоците; доколку не постои друг правен основ за обработка на податоците; кога судот или регулаторното тело ќе утврди дека податоците мора да бидат избришани; кога податоците се обработени незаконски. Притоа, правото на бришење на податоците не е апсолутно. Во случаи на оправданост и кога постои легитимна причина, личните податоци ќе се задржат во соодветната база на податоци.

- Проактивна заштита на личните податоци ќе се обезбедува преку концептот наречен **«Дизајн на приватност»**. Дизајнирањето на софтверските решенија во новите системи треба да обезбеди превенирање на ситуациите кои ја загрозуваат приватноста пред истите да се случат. Се очекува дека на тој начин ќе се овозможи максимален степен на приватност бидејќи заштитата на личните податоци ќе биде вградена во дизајнот и архитектурата на сите системи за информациска технологија.

Се очекува дека реформираното европско законодавство ќе ја осигура иднината на заштита на податоците во дигиталната ера. Овие промени ќе дадат одговор на прашањата за тоа кому припаѓаат податоците кои поединците ги ставиле на Интернет и на каков начин тие треба и може да се користат. Со тоа правилата несомнено ќе имаат импликации врз онлајн индустријата и врз веб гигантите.

16 http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32002L0058:en:HTML

## 2.3. Европска конвенција за човековите права и основни слободи

Во однос на медиумското известување, ставот на Европскиот суд за човекови права изразен првично во Handyside v. United Kingdom[17], а потоа повторуван и во останатите предмети, е дека медиумите треба да известуваат не само за актуелни прашања кои се примени со наклонетост, туку и за оние кои можат да ја шокираат или вознемират јавноста или одреден дел од популацијата. ЕСЧП неизоставно ја нагласува улогата не медиумите за демокатското општество и притоа го толерира остриот критицизам и фактот дека новинарската слобода подразбира и извесна доза на претерување или дури и провокации. Изразувањето кое би можело да нанесе штета на интересите на некои индивидуи може да се толерира, доколку тоа изразување е од широк јавен интерес. Државите имаат дискреционо право на одлучување во случаи кога два спротивни интереси треба да бидат избалансирани и кога треба да биде проценето дали има “итна општествена потреба” која го оправдува вмешувањето во некое право.[18] ЕСЧП се раководи од доктрината на “јавен статус” толерирајќи потесни граници на критицизам за приватните лица наспрема лицата кои се експонирани во јавноста. Судот во повеќе наврати нагласува дека политичарите на пример, мора да покажат поголем степен на толеранција, особено кога самите даваат изјави кои се подложни на критика и дека тие мора да бидат отворени за поголема критика од страна на новинарите и јавноста. Во Oberschlick v. Austria[19], Судот оцени дека и навредливите изрази како “идиот” или “фашист” содржани во новинарска статија посветена на лидерот на Австриската партија на слободата, може да се сметаат за прифатлив критицизам. Оценката на Судот беше дека зборовите не биле изразени во форма на личен напад кон политичарот, туку на нив треба да се гледа во целокупноста на написот и како таков тој отсликува “мислење со вредносна оценка” кое има основ да биде заштитено со правото на слобода на изразување. Во неодамнешна пресуда во предметот Mladina D.D. Ljubljana v. Slovenia[20], ЕСЧП заседе став дека навредливиот речник којшто може да остане надвор од заштитата на слободата на изразување ако неговата единствена намера е да навреди, може да биде заштитен со членот 10 од ЕКЧП, ако е употребен само за стилистички цели. Сепак, фактот дека едно лице е познато во јавноста не е доволен фактор да го оправда постоењето на интерес од страна на јавноста да биде информирана за неговото однесување. ЕСЧП во своите одлуки неизоставно подвлекува дека сепак треба да почитуваат определени граници, особено во поглед на угледот и правата на другите. Во таа насока, во Sürek v. Turkey,[21] ЕСЧП подвлече дека мора да постои минимум степен на умереност и соодветно однесување, а доколку главната намера е да се навреди личноста на политичарот, тогаш казната за таквото однесување не треба да се смета за повреда на правото на слободно изразување. Во таа насока, и во Times Newspapers Ltd v. United Kindgom[22] ЕСЧП подвлече дека печатените медиуми не смеат да обелоденат детали од приватниот и семејниот живот на лица кои иако се на Интернет, немаат за цел јавна или политичка дебата за прашања од јавен интерес. Според став на Судот, јавна личност не смее да биде изложена на јавниот суд во врска со детали од приватниот живот на членови на семејството, дури и кога тие податоци се достапни на интернет. Од судската пракса значајни две се и пресудите на ЕСЧП по предметите Von Hannover v. Germany[23] и Axel Springer v. Germany[24], двете донесени во ист ден од страна на Големиот судски совет. Во овие случаи Судот уште еднаш ги подвлече како релевантни критериумите со кои преку судската практика се поставија стандарди за проценка на тоа дали е направен правичен баланс помеѓу правото на приватност и правото на изразување и информирање. Особено интересен за разгледување е случајот Bucur and Toma v. Romania[25], во кој вработен (Constantin Bucur) во разузнавачката служба на Романија објавил во јавноста (на прес-конференција) информации за нелегално прислушување на повеќе новинари, политичари и бизнисмени, без нивно знаење. Како последица, воениот суд на Романија го осудил Bucur на две години затвор за кражба и незаконско откривање на информации од доверлив карактер. Случајот се нашол пред ЕСЧП, кој одлучил во полза на апликантите (дел од нив лица кои

17 Handyside v. United Kingdom, 24 A, 07.12.1976
18 Tiilikka, P., Balancing Freedom of Expression and the Right to Private Life in the EChHR - Some Critical Remarks, University of Helsinki, 2013
19 Oberschlick v. Austria, (11662/85), 23.05.1991
20 Mladina D.D. Ljubljana v. Slovenia (20981/10), 17.04.2014
21 Sürek v. Turkey (26682/95) 31.07.2007
22 Times Newspapers Ltd v. United Kindgom (3002/03; 23676/03), 10.03.2009
23 Von Hannover v. Germany (2), (40660/08 и 60641/08), 07.02.2012
24 Axel Springer v. Germany (39954/08), 07.02.2012
25 Bucur and Toma v. Romania (40238/02), 08.01.2013

биле прислушувани), односно пресудил дека е повредено нивното право на приватност загарантирано со член 8 од ЕКЧП, и нагласил дека објавените информации се од највисок јавен интерес затоа што обелоделиле злоупотреби извршени од високи функционери кои ги нарушиле демократските принципи врз кои почивала државата. Односно, ЕСЧП нашол дека јавниот интерес во објавувањето на овие информации и телефонски разговори бил поголем од интересот истите да бидат сочувани од јавноста.

Критериумите преку кои ЕСЧП го спроведува т.н. тест на јавен интерес, се следните:

- **Придонесот на објавата за дебата од општ интерес.** Според овој критериум, во секој конкретен случај треба да се процени дали објавата е со содржина која ќе поттикне дискусија за прашања кои се од широк општествен интерес. Притоа, дефиницијата за јавен интерес зависи од околностите на секој посебен случај. Во одредени случаи, правото на јавноста да биде информирана може дури и да се прошири на аспекти од приватноста. Меѓутоа, единствена цел на тие објави не смее да биде задоволување на љубопитноста на јавноста. Во таа насока, ЕСЧП го прифати постоењето на јавен интерес не само кога објавувањето се однесува на политички прашања или злосторства, туку и кога известувањето се однесувало за спортски прашања или настапи поврзани со култура или уметност. Меѓутоа, ЕСЧП не прифати дека информации за брачните потешкотии на претседател на држава или финансиски тешкотии на славна пејачка се прашања од општ интерес.

- **Колку е познато во јавноста лицето на кое се однесува објавата и што е предмет на објавата?** - Критериумот налага правење разлика помеѓу лицата кои и се познати на јавноста бидејќи вршат јавни функции или професии, од оние кои не ги знае пошироката јавност. Овој критериум е поврзан со фактот дека јавните личности мора да прифатат дека нивниот статус во општеството привлекува зголемен притисок врз нивната приватност. Маргините на нивните очекувања за приватност треба да бидат значително потесни споредено со лицата кои јавноста не ги знае. Сепак, ова нема да биде случај и покрај тоа што засегнатото лице е добро познато на јавноста кога објавените фотографии и придружните коментари кои се однесуваат исклучиво на детали од приватниот живот на лицето имаат за единствен цел да ја задоволат љубопитност на јавноста.

- **Претходното однесување на засегнатото лице и претходна објава или фактот дека фотографијата и поврзаните информации веќе се појавиле во претходни објавувања.** Овој критериум го зема предвид фактот дали пред конкретната објава, соодветните информации или фотографии, веќе се појавиле во претходни објави, на прес конференции, интервјуа, или на друг соодветен начин јавноста била запознаена со нив. Самиот факт на соработка со медиуми во претходни настани не може да послужи како аргумент за лишување на засегнатата страна од заштита во однос на објавувањето на конкретната содржина.

- **Содржина, форма и последици на објавувањето**. Согласно овој критериум, начинот на кој фотографијата или известувањето се објавени и начинот на кој засегнатото лице е претставено на фотографијата или во известувањето, може исто така да бидат фактори кои треба да бидат земени предвид. Освен тоа, ЕСЧП го зема предвид и степенот до кој известувањето и фотографијата се ширеле во зависност од тоа дали медиумот е национален или локален.

- **Околностите во кои е направена фотографијата или се добиени информациите**. Методот на добивањето на информацијата е релевантен од аспект на лицето и од аспект на просторот од каде е добиена информацијата. Релевантно е дали се работи за информации кои се добиени од страна на судски органи, јавно обвинителсто или полициски служби. Релевантно е исто така, дали лицата се фотографирани со нивна согласност или пак без нивна согласност, евентуално со измама или други недозволени средства. Релевантно е и тоа дали фотографијата е снимена во затворен или подзаскриен простор каде очекувањата за приватност се поголеми или на јавен простор каде тие очекувања значително се стеснуваат.

# 3 АНАЛИЗА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И СТАНДАРДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Уставот на Република Македонија[26], сферите на приватност се расчленети во четири одделни членови. Почитувањето и заштитата на приватноста на личниот и семејниот живот, достоинството и угледот, е гарантирано во член 25. Формулацијата на оваа одредба упатува на тоа дека се гарантира приватноста само за граѓаните на Македонија, а не и за сите луѓе. Освен тоа, овој член не предвидува под кои услови може да се отстапи од правото на приватност на личниот и семејниот живот. Неповредливоста на домот е гарантирана со член 26 став 1. Притоа, со одредбата не е опфатена неповредливоста на друг простор поврзан со домот. Согласно став 2 од истиот член, ова право може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето. Слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација е заштитена со член 17 од Уставот. Од ова право може да се отстапи само врз основа на судска одлука, ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка или тоа го бараат интересите на одбраната на државата. Сигурноста и тајноста на личните податоци е гарантирана со членот 18 од Уставот кој ја гарантира и заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за граѓаните преку обработка на податоците.

Уставните гаранции за одделните сфери на приватност се конкретизирани во соодветни закони кои подетално ги уредуваат условите за остварување и заштита на одделните аспекти на приватноста, како и условите и постапката за отстапување од гарантираните права.

## 3.1. Закон за заштита на личните податоци

Уставно гарантираното право на сигурност и тајност на личните податоци е конкретизирано во Закон за заштита на личните податоци (ЗЗЛП).[27] ЗЗЛП се применува во сите сфери на животот кои се однесуваат на обработка на личните податоци, без оглед дали е тоа во професионалната сфера, јавната администрација, здравствените служби. Личен податок е секој податок или информација за одредена личност од кој може да се утврди идентитетот на таа личност или податок кој се однесува на различни аспекти од идентитетот на личноста (физички, физиолошки, ментални, економски, културни или социјални). За да биде личен податок, информацијата мора да се однесува на одредено физичко лице, односно, мора да биде “за” личноста. Каков било вид информација може да биде личен податок, вклучително и аудио, видео и генетички податоци, отпечатоци од прсти, итн.[28]

Законот дозволува обработка на личните податоци под истите услови утврдени и во Директивата 95/46/ЕК. Законот ја исклучува примената на дел од неговите одредби во случаи кога обработката на личните податоци се врши единствено за литературен и уметнички израз и во професионалното новинарство во согласност со етичките правила на професијата. Институционалната заштита од злоупотреби на личните податоци е овозможена преку Дирекцијата за заштита на личните податоци (ДЗЛП) како самостоен и независен орган која има надлежност да постапува по барање за утврдување на повреда на право гарантирано со ЗЗЛП; да врши инспекциски надзор над

26 Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр. 52/1991
27 Закон за заштита на личните податоци, Службен весник на РМ, бр. 7/2005, 103/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014 и 153/2015
28 Гундерман, Л., „Коментар на Законот за заштита на личните податоци“ Дирекција за заштита на личните податоци, Скопје, 2010, стр. 10

спроведување на ЗЗЛП и прописите донесени врз основа на овој закон; и да води прекршочна постапка, преку Комисија за одлучување по прекршок која е овластена да изрекува прекршочни санкции.

Од нејзиното основање, ДЗЛП демонстрираше посветеност и стручност во исполнување на своите законски надлежности. Во Извештајот за спроведени интервјуа со експерти во рамки на истражување за приватноста од страна на Фондација Метаморфозис,[29] на прашањето како ја оценуваат приватноста во Македонија, помеѓу останатото, поголемиот дел од експертите изјавиле дека состојбата со приватноста и заштитата на личните податоци е со позитивен тренд, дека се прават напори и дека во пошироката јавност полека се подигнува свеста за оваа проблематика. Меѓутоа, во Извештајот на групата експерти на Европската комисија од 08.06.2015 година (тн. Извештај на Рајнхарт Прибе), ДЗЛП беше критикувана поради индиферентност во случувањата поврзани со незаконското прислушување. Ставот на ДЗЛП изразен во разговорите со експертите кои го подготвуваа Извештајот е дека Дирекцијата одлучила да остане неактивна со цел да не биде критикувана за заземање страна во постоечката ситуација. Овој став може да се разбере само во контекс на објаснувањето од страна на ДЗЛП дека не може да реагира додека се водат кривични истраги, како и дека Дирекцијата не добила ниту една претставка во врска со незаконското прислушување. Единствено во оваа насока може да се разбере индиферентноста на ДЗЛП и во однос на објавувањето на прислушуваните разговори со приватна содржина.

## 3.2. Закон за следење на комуникациите

Следењето на комуникациите е мерка која подразбира пресретнување, следење и снимање на комуникации со помош на технички уреди. Врз основа на судска наредба, следењето се применува со цел да се соберат информации и докази за криминални активности. Тоа претставува најефикасна, но истовремено и најинвазивна алатка со чија помош се превенираат, откриваат и истражуваат кривични дела. Следењето на комуникации е неселективна мерка, во персонална и во содржинска смисла. Како исклучително инвазивна мерка, треба да се применува како последна алтернатива (ultima ratio). Согласно меѓународните стандарди, следење на комуникации треба да се практикува врз основа на прецизно утврдени правила, доколку се исполнети соодветни услови за тоа и во постапка која е пропишана со закон. Само на тој начин ќе се контролира нејзината примена и ќе се оневозможи следењето на комуникации да премине во неселективно собирање информации за сите граѓани.

Законот за следење на комуникации (ЗСК)[30] беше донесен во 2006 година и истиот за релативно кратко време беше подложен на значајни промени во 2008 и во 2012 година. Дел од овие измени и дополнувања ги следеа измените на кривично-процесната легислатива и првенствено беа насочени кон усогласување со новиот Закон за кривичната постапка (ЗКП)[31]. Меѓутоа, во одредени измени и дополнувања можат да се идентификуваат и одредби кои оставаат широк простор за дискусија. Имено, според ЗСК телефонските и други електронски комуникации можат да се следат по два основи:

1. Како посебна истражна мерка која се презема заради откривање и гонење на сторители на кривични дела. По овој основ, комуникации можат да следат Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа.

2. Како мерка која се презема во функција на безбедноста и одбраната на државата, и тоа:

- во функција на безбедноста се реализира преку МВР во Управата за безбедност и контраразузнавање;
- во функција на одбраната, се реализира во Министерството за одбрана (само во делот на фрекфентниот спектар на радио бранови и фрекфенции кои се одредени за потребите на одбраната).

Ова е прилично сложен систем на поставеност на овластени органи за следење на комуникациите кој применет во пракса веројатно доведува до преклопување на надлежностите во конкретни ситуации.

Снимките (транскриптите) од следените комуникации се носители на доказите за инволвираност во криминална активност. Согласно член 25 од ЗСК, овие снимки не можат да се

29 http://privatnost.mk/izveshtaj-od-sprovedeni-intervjua-i-anketa-so-ekspertska-javnost/
30 Закон за следење на комуникациите, Службен весник на РМ, бр. 121/2006, 110/2008, 116/2012
31 Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ, бр. 150/2010, 09/2012

употребат како доказ во кривичната постапка доколку се собрани со следење кое било спроведено спротивно на одредбите на ЗСК и на ЗКП. Во ваков случај, податоците содржани во снимките се уништуваат.

Дискутабилен е недостатокот на одредби во ЗСК за одредени прашања, како што е чувањето и трансферот на материјалите од следените комуникации, категориите на лицата кои се одговорни за следењето, итн. Особено е дискутабилно следењето на комуникации врз основа на усна судска наредба. Единствениот услов за издавање на усна судска наредба утврден во член 11-а од ЗСК е "опасност од предизвикување на ненадоместлива штета за успешно водење на кривичната постапка."

### 3.2.1. Надзор над следењето на комуникациите

Надзорот над следењето на комуникациите е неопходен механизам за елиминирање на евентуалните злоупотреби на следењето на комуникациите. Судскиот надзор (треба да) ја врши судот кој ја издава наредбата за следење на комуникациите. Судијата треба објективно да го утврди постоењето на веројатност дека следењето се бара како крајно средство, а не како единствена опција која ќе се примени уште во најраната фаза, без исползување на другите средства за собирање на информации и податоци. Освен судот, и Парламентот е една од институциите која во демократските општества треба да обезбеди ефикасен надзор и контрола над безбедносните служби кога тие преземаат дејствија кои засегаат во основните права на граѓаните. Иако е прилично тешко да се верува дека Парламентот навистина може соодветно да ги контролира безбедносните служби, сепак треба да се настојува тој да одговори на оваа обврска барем на основно ниво. Надзорот не треба да се сведе на поднесување годишен извештај до Парламентот, иако Законот за следење на комуникации и не предвидел повеќе дополнителни механизми во функција на ефикасен надзор. Надзорот треба да биде ефикасен и да претставува вистински коректор на работењето на овие служби. Во таа насока, поставени се основни меѓународни стандарди кои налагаат транспарентност на органите кои се овластени за легитимно следење на комуникации и надзор над нив во сите фази од следењето на комуникациите. Надзорот треба да биде независен, да се одвива во континуитет преку воспоставена практика, ослободен од партиски и политички влијанија. Парламентарниот надзор во Македонија се врши преку две комисии. Едната врши надзор над следење на комуникациите како ПИ мерка, другата над работата на УБК и Агенцијата за разузнавање. Во 2015 година беше формирана и Анкетна комисија како дел од преземените обврски од тн. Договор од Пржино и од препораките преточени во Извештај на експертска група на Европската комисија од 08 јуни 2015 година (тн. Извештај на Прибе). Сепак, работата на парламентарни комисии во изминатите години се сведува на постојани меѓусебни обвинувања, особено на релација Комисии - МВР. Недостига политичка волја да се спроведе објективен надзор. Двете надлежни парламентарни комисии немаат реализирано ниту една теренска посета во овластените органи, а токму теренските посети се начин за непосредно запознавање со самиот процес на следењето на комуникациите. Имаше и некои конкретни обиди за тоа, но истите завршија неуспешно. Фактот што и покрај обидите, комисиите не извршиле или биле оневозможени да извршат увид, не ги амнестира од одговорност нивните членови што не успеале да постапат согласно со доверените овластувања. Во однос на Анкетната комисија формирана во 2015 година, евидентно е дека членовите и на оваа комисија ги ставија партиските интереси во преден план и не се справија соодветно со предизвикот пред кој беа исправени. Јавноста беше сведок на секојдневни расправии помеѓу политичките опоненти, на моменти со манифестација на ниска политичка култура. Понатамошните активности на Комисијата несомнено беа детерминирани од целокупните актуелни случувања во државата. Во услови во кои беше формирана оваа Комисија, веројатно и не беше реално очекувањето дека ќе оствари каков било позитивен резултат.

## 3.3. Закон за електронските комуникации

Правните аспекти на техничкиот процес на следење на комуникациите се уредени со Закон за електронските комуникации (ЗЕК). Првиот ЗЕК кој беше донесен во 2005 година, беше подложен на контраверзни измени и дополнувања во 2010 година.[32] Со измените и дополнувањата беа воведени обемни, дополнителни обврски за операторите на јавните комуникациски мрежи и давателите на јавните комуникациски услуги спрема МВР како овластен орган за следење на комуникациите. Овие измени на ЗЕК беа оспорени пред Уставниот суд на РМ кој по спроведената постапка за оценување на нивната уставност и законитост, ги поништи оспорените одредби.[33] Според Уставниот суд, во оспорените одредби беше содржано изворно, непосредно и нормативно овластување за овластениот орган за следење на комуникациите (МВР) со игнорирање или без директно повикување на предходната уреденост на постапката и правилата за следење на комуникациите од ЗКП и ЗСК, според кои следењето на комуникациите од каков и да е вид не може да се оствари без судска наредба. Со поништување на оспорените одредби, операторите беа ослободени од обврската за доставување на податоците за сообраќај по барање на надлежните органи, а остана во важност обврската дека по прием на налог од надлежен суд, веднаш треба да започнат со прислушувањето во определената точка содржана во судскиот налог.

Актуелниот ЗЕК е донесен во 2014 година. Овој закон, помеѓу останатото, предвидува обврски за операторите кои се должни да ги обезбедат сите неопходни технички услови за да овозможат следење на комуникациите во нивните мрежи, согласно Законот за следење на комуникациите. Согласно член 175 став 5 операторите се должни на сопствен трошок да обезбедат и одржуваат опрема, соодветен интерфејс и да воспостават електронски комуникациски водови за пренос до овластениот орган за следење на комуникации, со цел да се овозможи следењето на комуникациите во нивната мрежа, согласно ЗСК. Согласно став 6 од истиот член «операторите имаат обврска да му овозможат на овластениот орган за следење на комуникации, следење на комуникациите во реално време. Информацијата за следената комуникација треба да биде на располагање веднаш по завршувањето на комуникацијата, а следењето на комуникацијата треба да биде непрекинато за цело време на нејзиното траење». Во врска со овие одредби содржани во членот 175 од ЗЕК, како и одредбите содржани во член 176 кои се однесуваат на обврската за задржување на податоците, се произнесе и експертската група на ЕК во Извештајот на од 08.06.2015 година. Помеѓу останатото, експертската група констатира дека УБК не треба да има директен пристап до техничката опрема која дозволува отсликување на комуникацискиот систем и дека под било кои околности УБК не треба да има практична можност за директно пресретнување на комуникациите.

## 3.4. Закон за заштита на приватноста

Законот за заштита на приватноста беше донесен по скратена постапка чија потреба се наметната од актуелните случувања и амбиентот создаден со објавување на прислушуваните разговори преку т.н. политички бомби. На донесувањето на овој закон не му претходеше неопходната расправа во однос на некои клучни прашања поврзани со областа која тој ја уредува. Занонот за заштита на приватноста не само што не понуди издржани законски решенија, туку е контраверзен во својата содржина, најмалку поради три елементи:

1. Заштитата на приватноста временски е сведена на ограничен период, преку одредбите содржани во член 1 став 1 и став 3 согласно кои, со овој Закон се утврдува заштита на приватноста од незаконско следење на комуникациите извршени во периодот од 2008 до 2015 година, како и забрана за поседување, обработка, јавно објавување и располагање на било кој начин со материјали кои произлегуваат од незаконско следење на комуникации извршени во ис-

32 Закон за електронските комуникации, Службен весник број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 83/2010, 13/2012, 123/2012
33 Одлука на Уставен суд У. бр. 139/2010 од 15.12.2010

тиот период, вклучувајќи и нивно користење и располагање во изборен процес, политички и други цели и постапки.

2. Согласно член 6, одредбите од овој Закон не се однесуваат на објавените материјали заклучно со 15 јули 2015 година.
3. Законот влегува во сила со денот на објавување, а ќе се применува шест месеци по денот на влегување во сила.

Прашањата кои несомнено се наметнуваат од вака формулираните одредби, се следните:

1. Зошто Законот временски ја ограничи заштитата на приватноста од незаконско следење само на комуникациите кои се извршени во наведениот период (2008 -2015 година)?
2. Зошто Законот не го забрани понатамошното објавување на објавените разговори кои навлегуваат во сферата на личниот и семејниот живот?
3. Зошто беше утврдено дека Законот ќе започне да се применува шест месеци по денот на влегување во сила?

Забелешки во однос на овој закон беа нотирани и од страна на Венецијанската комисија на Советот на Европа која укажа на потребата од сериозна ревизија на Законот.[34] Помеѓу останатото, Венецијанската комисија препорача дека Законот за заштита на приватноста не треба да исклучи објавување на материјали кои допираат прашања од јавен интерес, односно дека треба да дозволи објавување материјали кои ја засегаат јавноста и кои отвораат прашања од јавен интерес, со тесно дефинирани исклучоци кои се однесуваат на објавувањето на информации за интимните аспекти на приватниот и семејниот живот.

## 3.5. Кодекс на новинарите на Македонија и други релевантни интерни акти

Кодексот на новинарите на Македонија[35] утврдува општи принципи на однесување со акцент на почитувањето на вистината и правото на јавноста да биде информирана. Кодексот утврдува обврска за почитување на етичките вредности и професионалните стандарди во пренесување на информациите кое треба да биде чесно, објективно и точно. Врз основа на утврдените принципи, Кодексот генерално утврдува на кој начин новинарот треба да информира и во таа насока да ги почитува законите во државата, а притоа да не објави или сокрие нешто што е во спротивност со јавниот интерес. Известувањето во случај на несреќи, елементарни непогоди, семејни трагедии, болести, итн. треба да биде ослободено од сензационализам, а во известувањето за судски постапки да се почитува принципот на презумпција на невиност. Согласно т. 7 од Кодексот, новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Сепак, овој Кодекс не содржи насоки во однос на конкретни мерки што треба да се применат во функција на почитување и заштита на приватноста во конкретни специфични случаи кога приватноста е потенцијално загрозена. Исто така, во овој Кодекс не се содржани принципи или критериуми за балансирање или за одмерување на јавниот наспрема приватниот интерес кога тие во конкретен случај се поставени еден наспроти друг.

Во оваа смисла, поконкретни насоки се утврдени во Прирачникот за етика во новинарството[36] каде, на пример, е објаснето дека јавниот интерес вклучува информации кои можат да придонесат за откривање на криминално дело, злоупотреба на положба од страна на носител на јавна функција, загрозуваање на демократијата, корумпираност, случаи на неправда, кршење на човекови права, дискриминација, загрозување на здравјето и безбедноста на луѓето, немарност и/или неспособност на јавните функционери. Јавниот интерес, исто така, вклучува информации кои им помагаат на луѓето да донесат одлуки од јавен карактер и го спречуваат заведувањето и манипулацијата со населението со изјави или постапки на поединци или организации. Слободата на говорот е јавен интерес и во таа насока, право и обврска на новинарот е да објавува информации за она што се случува во општеството, да ги лоцира и да ги открие прашањата кои би требало да бидат подложени на критика. Сепак, Прирачникот не содржи насоки за заштита на приватноста и за балансирање од страна на медиумите во конкретни ситуации на конфликт помеѓу слободата на изразување и правото на приватност и покрај тоа што непочитувањето на приватноста во овој Прирачник

34 http://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-AD(2016)008-e
35 http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440
36 http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Прирачник-за-етика-во-новинарството-мај-2012.pdf

е оценета како една од најчестите повреди на Кодексот на новинарите. Не може да се смета за доволна само општата формулација дека правото на јавноста да знае мора секогаш да се процени во однос на правото на личноста да ја зачува приватноста. И во Прирачникот недостигаат нормативи за примена на конкретни механизми и алатки во обработка на личните податоци и други сензитивни информации.

Во Прирачникот за јавниот интерес во новинарството[37] објавен од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста посветен е значителен простор на приватноста и јавниот интерес во контекст на новинарското известување и за неопходната рамнотежа помеѓу нив. Помеѓу останатото посочено е дека упадот во приватноста мора да биде оправдан во поглед на јавното добро кое ќе следи по објавување на информацијата и истиот треба да се оправда со обемот на потенцијалната штета што може да произлезе. Тестот на јавен интерес е посочен во овој Прирачник како алатка која треба да им помогне на новинарите да се справат со прашањата и дилемите со кои секојдневно се соочуваат при објавување на информациите и да направат разлика помеѓу прашањата од јавен интерес и оние кои не се од јавен интерес. Преку овој тест, новинарите можат да го подобрат разбирањето на јавноста за прашања од јавен интерес и да се охрабрат да бараат поголема одговорност и транспарентност од јавните институции и личности.

37 http://respublica.edu.mk/attach/priracnik-mediumi-11-03-2016-MK.pdf - Прирачник за јавниот интерес во новинарството, стр. 14

4

# ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ВО КОНТЕКСТ НА ОБЈАВЕНИТЕ РАЗГОВОРИ ОД СЛЕДЕНИ КОМУНИКАЦИИ

Кон крајот на 2014 година, Македонија се соочи со скандал предизвикан од сознанието за нелегитимно следени комуникации од веројатно големи размери. Нелегитимното следење на комуникации и објавувањето на содржината на разговорите, веројатно ќе го бранува македонското општество уште долго време. Се објавуваа аудио записи од телефонски разговори за кои не е потврдено кој ги снимил, а се стекнати на нелегален начин, бидејќи за следење на тие комуникации не е издадена судска наредба. Разговорите кои беа објавени вклучуваа разговори претежно од високо позиционирани функционери во Владата. Меѓутоа, објавени беа разговори и од новинари, судии, бизнисмени и други јавни личности или носители на јавни функции. Соговорници во некои од објавените разговори се лица кои не се познати во јавноста, не извршуваат државна функција или некоја друга професија поради која јавноста би ги знаела. Загрижува фактот што не се знае дали и во колку примероци се мултиплицирани прислушуваните разговори, како и тоа дали и кој поседува примероци од аудио записите или од транскриптите од следените комуникации.

Некои од следените комуникации, со исклучително приватна, дури и интимна содржина, анонимно и во континуитет се поставуваат на каналот *Youtube* и на *Facebook* фан страни. Истовремено, и на информативни портали од други држави се објавија серија прислушувани разговори на високи функционери од политичка партија од албанскиот блок во Македонија. Сето ова се случува по донесување на Законот за заштита на приватноста кој требаше да ги заштити граѓаните и да го спречи објавувањето на нови аудио записи, како и по предавање на наводно целокупниот материјал од сите прислушувани разговори од политичката партија која ги поседуваше, до Специјалното јавно обвинителство (СЈО) формирано врз основа на преземените обврски на дел од политичките партии со тн. Договор од Пржино. Не се за потценување и шпекулациите дека во криминалното подземје наводно се тргува со материјали од прислушуваните разговори и дека истите можат да се користат или веќе се користат како алатка за уцени, закани и други нелегални активности. Споменатите случувања покажаа дека сега веќе не постои целосна контрола или можеби не постои никаква контрола над материјалите од следените комуникации. Извесно е дека може и понатаму да се очекува објавување на компромитирачки разговори, особено комуникации поврзани со приватниот живот на политичари.

## 4.1. Студија на случаи

При анализа на третманот на правото на приватност во контекст на објавуваните аудио снимки од следените комуникации, треба да се има предвид фактот дека незаконското прислушување се уште нема целосна правна разрешница.[38] Исто така, се уште не е познато дали објавените прислушувани разговори се автентични или евентуално се на некој начин

38 Во тек се неколку кривични постапки, дел од нив по обвинителен акт на Основното јавно обвинителство, а дел од Специјалното јавно обвинителство. Во СЈО се отворени неколку истраги за наводни кривични дела кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите. Против еден од обвинетите (вработен во УБК) кој ја призна вината по обвинението за незаконско прислушување и шпионажа во предметот „Пуч“ изречена е правосилна пресуда.

монтирани или извадени од контекст. Поради овие причини, во анализата која следи, може да се коментира само произлезената содржина од објавените снимки од најголемата опозициска политичка партија. Како што и претходно беше напоменато, голем број на снимки беа објавени на Youtube и на други интернет страни. Сепак, не е познато кој ги има објавено овие снимки и како ги прибавил истите и дали тие се предадени во СЈО или другите надлежни органи. Дел од објавените прислушувани разговори несомнено покренаа дискусија за теми од широк јавен интерес и во иднина ќе бидат основа за дебата во врска со прашањата кои произлегоа од содржината на разговорите. Се наметнаа прашања за располагањето со буџетските средства, за независноста на судовите, судиите и правосудниот систем воопшто, но и за новинарите, медиумите и други општествени чинители. Сепак, објавувањето на разговорите се практикуваше без содржинска селекција на сегментите кои се во доменот на приватната сфера. Објавувањето на разговорите се практикуваше и без персонална селекција во однос на лицата кои не се јавни личности и кои имаат легитимно право да очекуваат почитување на нивната приватност.

Заради сеопфатност на ова истражување, во продолжение апострофирани се две категории на објавени разговори кои покренаа широка дебата за определени прашања од јавен интерес, вклучително и за почитувањето на приватноста како прашање од јавен интерес. Изборот на објавените разговори не е направен врз основа на тоа колку одреден конкретен разговор ја бранува широката јавност или пак беше интересен за јавноста, туку врз основа на фактот дека во конкретно избраниот разговор се преплетени елементи на приватност наспрема интересот за информирање на јавноста со содржината на тој разговор.

### 4.1.1. Случаи кои не го поминуваат тестот на јавен интерес

Во оваа категорија сместени се дел од објавените разговори за кои со примена на критериумите од тестот на јавен интерес, заклучено е дека во нивната содржина преовладуваат елементи од приватен интерес кои не се релевантни за јавноста. Од овие причини, објавувањето на оваа палета на разговори не го поминува тестот за јавен интерес

*Случај 1*

## ***Разговор на министер во Владата (М.Ј) со неговата сопруга***

*Разговорот е со приватна содржина во кој министерот и се јавува на сопругата во рани утрински часови за да и каже дека уште се наоѓа на службени преговори со странски инвеститори.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Содржината на овој разговор немаше основа и потенцијал да покрене значајна општествена дебата.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Министерот и беше широко познат во јавноста со што маргините на неговите очекувања за приватност се стеснуваат. Сопругата на министерот не е позната во пошироката јавност и има легитимно право на почитување на приватноста на нејзиниот личен и семеен живот.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на разговорот не може да се оправда со интересот на јавноста да биде запознаена со неговата содржина, бидејќи овој разговор помеѓу два сопружници не само што е со содржина која не може да покрене дебата за прашања од јавен интерес, туку претставува груба повреда на приватноста на личниот и семејниот живот.*

*Случај 2*

## Разговор на две пратенички од Собранието на РМ (С.Б. и Н.Т.Т.)

*Во овој разговор, едната пратеничка се информира од другата пратеничка во врска со нејзино запишување на факултет, односно за продолжување на студиите. Во разговорот, експлицитно со име и презиме, се споменува и друго лице кои пред направената снимка извршувало функција на декан на факултет и за кого во овој разговор една од соговорничките дава негативна квалификација. Исто така, споменато е со име и презиме и лице кои во периодот кога е направена снимката извршувал функција на декан.*

***Дали содржината овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Овој разговор не е со содржина која може да отвори дебата за важни општествени прашања, освен евентуално делот од разговорот во кој едната пратеничката именува некои личности како „... овој нашиов човек е таму, упис ќе направиме кај што се тие нашите професори...“.*

***Колку се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Пратеничките се широко познати во јавноста поради што нивните очекувања за приватност се стеснуваат.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на овој разговор не може да се оправда со фактот дека можеби беше интересен за јавноста. Освен дискредитација од пратеничките, особено на едната од нив која се интересира за запишување на факултет, односно за продолжување на студиите, содржината на овој разговор не може да покрене сериозна дебата за прашања од јавен интерес, а навлегува во заштитената зона на приватност.*

*Случај 3*

## Разговор на двајца министри во Владата (З.С. и Г. Ј.)

*Во овој разговор соговорниците дискутираат за прашања поврзани со нивните секојдневни обврски и, помеѓу останатото, се договараат за конкретни активности во врска со постапка за вработување на одредени лица и на поранешни членови на Парламентот. Но, министрите разговараат и за приватни теми, како и за трети лица, нивни колеги. Дел од изнесените вредносни квалификации за тие лица, особено за една пратеничка, се изразени во исклучително негативна конотација.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Содржина на овој разговор може да отвори дебата за прашања кои се од значење за јавноста во однос на делот од разговорот за вработување на одредени лица. Сепак, факт е дека овој разговор во јавноста многу повеќе беше коментиран, а соговорниците исмејувани, особено на социјалните мрежи, од аспект на навредливите зборови и коментари кои беа искажани во однос на пратеничката, како и во однос на делот од разговорот во кој тие зборуваат за приватни прашања, како на пример споменувањето на филмовите кои ги гледаат.*

***Колку се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Соговорниците се широко познати во јавноста и со тоа маргините на нивните очекувања за приватност се потесни.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Во однос на овој разговор внимателно треба да се одмери јавниот наспрема приватниот интерес, односно елементите кои се во полза на едниот, наспрема оние кои се во полза на другиот интерес. Објавувањето на овој разговор, помеѓу останатото, открива и ставови на соговорниците и нивни изразени вредносни квалификации за трето лице. Истите се искажани во доверба и воопшто тој дел од разговорот остава впечаток на разговор кој се води на пријателска основа што секако треба да се респектира како зона во која секој може да има одредени разумни очекувања за приватност. Од друга страна, несомнено е дека во разговорот се споменуваат постапки за вработување на одредени конкретни лица. Од тој агол гледано, објавувањето на содржината на овој разговор може и ќе го поминеше тестот на јавен интерес, доколку беше селектиран делот со приватна содржина и делот со изнесените квалификации за трети лица, кои не се релевантни за јавноста да биде запознаена со истите. Ако се земе предвид како јавноста реагираше на овој разговор, може да се заклучи дека разговорот, особено споменатите дискутабилни делови, беа интересни за јавноста, но тоа секако не е релевантен критериум кога се применува тестот на јавен интерес.*

*Случај 4*

## Разговор на министерка (Г.Ј.) со сопруга на друг министер во Владата (А.С. сопруга на З.С.)

*Овој разговор е дел од серијата објавени разговори помеѓу двајцата министри во кои тие разговараат и планираат да земат кредит за да купат станови. Меѓутоа, конкретниот разговор е посветен на уредување на становите. Соговорниците во оваа прилика зборуваат за тоа каква боја на врати избрале за станот, дали ќе го обложат подот со паркет или со плочки, каква боја на мебел ќе стават, итн.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Содржина на овој разговор не може да има придонес за дебата од општествен интерес, бидејќи разговорот се однесува единствено на прашања поврзани со уредување на становите, а притоа не се споменуваат било износи на парични средства или некоии слични прашања кои би биле од интерес за јавноста да ги знае.*

***Колку се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Министерката како соговорник е позната во јавноста и со тоа маргините на нејзините очекувања за приватност се потесни. Сопругата на министерот не е позната во јавноста и има легитимно право на почитување на приватноста на нејзиниот личен и семеен живот.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на овој разговор не може да се оправда со фактот дека купувањето на станови од страна на министри за време на нивниот мандат е прашање за кое јавноста треба да знае. За тој факт, за кој јавноста секако треба да биде информирана, објавени беа серија други разговори помеѓу министрите. Меѓутоа, овој разговор има исклучително приватна содржина и се сведува единствено на разговор кој*

*Случај 5*

## Разговор на двајца министри во Владата (Г.Ј. и З.С.)

*Во овој разговор министрите зборуваат за трето лице, нивни колега, вицепремиер во Владата. Од разговорот произлегува  дека тие се револтирани што вицепремиерот дал веројатно некоја изјава или интрвју во кое, всушност соопштил некоја информацција која не требало тој да ја соопшти, туку се планирало во врска со тоа да се организра, како што се истакнува во разговорот, спектакл, настан. Министрите употребуваат погрдни зборови за вицепремиерот и целиот разговор се сведува на критики за него бидејќи тој не само во оваа прилика, туку наводно и во други прилики зборувал во јавноста за работи за кои не бил заслужен и според соговорниците не требало тој да зборува за нив. Во дел од разговорот, едниот од министрите зборувајќи за своите заслуги, наведува дека преку свои деловни релации успевал да издејствува за државата одобрување на кредити и гаранции со помали каматни стапки, наведувајќи конкретни износи за одобрените кредити и камати.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Најголемиот дел од содржина на овој разговор не може да има придонес за дебата од широк општествен интерес. Евентуално релевантно за јавноста да знае е можеби прашањето за кредитите со кои се задолжува државата, меѓутоа разговорот не е посветен на таа тема, туку тоа само попатно се споменува и тоа во позитивна конотација,  како заслуга на едниот министер кој самиот зборува за тоа.*

***Колку се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Соговорниците министри и вицепремиерот за кој тие зборуваат се познати во јавноста и со тоа маргините на нивните  очекувања за приватност се потесни.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на овој разговор не може да продуцира општествена дебата бидејќи е посветен на релациите на неколку министри во рамки на нивните деловни односи, кои и според ставот на ЕСЧП треба да се респектираат како заштитена сфера согласно член 8 од Европската конвенција. За јавноста веројатно беше интересно да ги слушне употребените зборови и негативни квалификации изразени од министрите за вицепремиерот, меѓутоа запознавањето на јавноста со содржината на овој разговор не може да се оправда како прашање од јавен интерес.*

### 4.1.2. Случаи кои го поминуваат тестот на јавен интерес

При одмерување на елементите кои се во полза на приватниот наспрема тие кои се во полза на јавниот интерес, во објавените разговори кои се сместени во оваа категорија, констатирано е дека преовлада јавниот интерес, односно интересот на јавноста да биде запознаена со содржината на соодветниот разговор. Од овие причини, согласно релевантните критериумите, објавувањето на оваа серија на разговори го поминува тестот за јавен интерес.

*Случај 1*

## Разговор помеѓу висок функционер во извршната власт (С.М.) и судијка на кривичен суд во Скопје (С.Л.)

*Тема на разговорот е изборот на судии и конкретно на судијката која учествува во овој разговор. За својот избор таа дознава од функционерот кој во оваа прилика ја известува. Разговорот понатаму продолжува во однос на други кандидати за избор на судии. Во контекс на разговорот, за некои личности од судската фела чиј идентитет беше спомена експлицитно со име и презиме, беа изнесена негативни квалификации. Разговорот алудираше на близок пријателски однос помеѓу соговорниците.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Овој разговор покрена дебата за независноста на судството, за релацијата на извршната и судската власт и за евентуалното влијание на високи функционери од извршната власт врз изборот на судиите.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Еден од соговорниците и е познат на пошироката јавност, бидејќи во време на објавувањето на разговорот извршуваше висока државна функција.*

*Другиот соговорник, односно судијката, до објавување на овој разговор не беше позната во пошироката јавност. Оттука, маргините на нејзините очекувања за приватност се секако пошироки во однос на државниот функционер.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Во одмерување на елементите кои се во полза на јавниот, наспрема оние кои се во полза на приватниот интерес во конкретниот случај, преовлада јавниот интерес кој може да се согледа во фактот дека откривањето на содржината на овој разговор, беше и во иднина треба да биде повод за продуктивна фактичка дебата за изборот на судиите, нивната независност, критериумите за избор и воопшто за релацијата на судската со извршната власт која мора да биде поставена на темелите на принципот на поделба на власта.*

*Случај 2*

## *Разговор на двајца министри во Владата (З.С. и Г.Ј.)*

*Во текот на овој разговор еден од министрите, помеѓу останатото, го известува својот соговорникот во овој разговор, дека со Јавниот обвинител на РМ разговарала во врска со отфрлање на кривична пријава која била поднесена против другиот министер.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Објавувањето на содржина на овој разговор може да има придонес кон дебата за релацијата помеѓу извршната и правосудната власт, за можноста од влијание на извршната власт врз јавните обвинители и врз другите избрани лица во правосудните органи.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Двајцата соговорници се познати на јавноста, бидејќи извршуваат висока државна функција поради што маргините на нивните очекувања за приватност нужно се стеснуваат.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на содржината на овој разговор покрена и во иднина треба да продуцира корисна дебата за релацијата помеѓу извршната и правосудната власт. Конкретно, овој разговор придонесе за отворање особено на прашањето за влијанието на извршната власт врз правосудните органи. Објавувањето на разговорот наметна дискусија за прашања поврзани со независноста на правосудниот систем и со евентуалните можности за функционирање на тој систем или дел од системот врз основа на пријателски релации.*

*Случај 3*

## *Разговор на двајца министри во Владата (З.С. и Г.Ј.)*

*Во текот на овој разговор еден од министрите во најголем дел зборува за проблемите со кои се сретнува тој лично во текот на извршување на министерската функција и притоа го изнесува својот субјективен став, во најголем дел негативен, за начинот на кој Владата располага со средствата од Буџетот на РМ, за неразумното трошење на тие средства, за вложувањето во одредени проекти, итн. Иако станува збор за разговор на министри кои раководат со некои од клучните општествени сектори, сепак разговорот се води на пријателска основа и остава впечаток на постоење на доверба помеѓу соговорниците што секако треба да се респектира како зона во која секој може да има одредени разумни очекувања за почитување на приватноста.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Објавувањето на содржина на овој разговор покрена дебати за начинот на трошење на буџетските средства, во смисла на тоа дали правилно се дава приоритет на одредени вложувања и дали инвестирањето се врши согласно со вистинските потреби на граѓаните.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Двајцата соговорници се познати на јавноста и оттука нивните очекувања за приватност нужно се стеснуваат.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на содржината на овој разговор во поголем дел се темели на субјективните ставови на едниот соговорник. Сепак, со оглед на тоа дека станува збор за функционер кој раководеше со министерството за финансии во периодот во кој е снимен разговорот, овој разговорот покрена широка дебата во јавноста и во стручната фела, за начинот на располагање со буџетските средства и за тоа дали оправдано се дава приоритет во финансирање на одредени проекти, за кои министерот зборува во овој разговор. Во отсуство на потребната транспарентност, овој разговор несомнено продуцираше корисна дебата, бидејќи јавноста секако има право да биде информирана за финансирањето и финансиите кога се во прашање буџетски средства, оправданоста во трошењето на тие средства, вложувањето во одредени државни инвестиции, итн.*

*Случај 4*

## Разговор помеѓу министерка (Е.К.М.) со новинар и уредник во приватен медиум (Д.П.Л.)

*Разговорот е краток и содржи сугестии и конкретна насока од министерката до уредникот за објавувањето на конкретен прилог во информативна програма (вести) на еден од најголемите приватни ТВ медиуми во државата. Во дел од разговорот, уредникот на медиумот посочува дека друг висок функционер исто така сугерирал објавување на прилози за специфични теми.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Овој разговор покрена дебата за тоа дали и колку се независни медиумите во Република Македонија и го отвори прашањето за евентуалната можност од влијание на политичарите во креирање на медиумската политика.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Соговорниците и се познати на пошироката јавност и маргините на нејзините очекувања за приватност се секако потесни.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на содржината на овој разговор покрена и во иднина треба да продуцира корисна дебата за релацијата помеѓу политичарите и медиумите чии професионални односи треба да бидат ослободени од било какви можности за влијание врз независноста на медиумите и врз објективното и балансирано информирање на граѓаните. Бидејќи овој објавен разговор придонесе за отворање на овие важни теми од јавен интерес, како што е креирањето на медиумските политики, објективноста на новинарите, итн. неговото објавување, согласно релевантните критериуми, го поминува тестот на јавен интерес.*

*Случај 5*

## Серија разговори помеѓу висок функционер во извршната власт (С.М.) со новинар и уредник во приватен медиум (Д.П.Л)

*Тема на разговорите, помеѓу останатото, е објавувањето на одредени прилози во конкретниот медиум и сугестии од функционерот до уредникот за акцентирање на одредени конкретни теми. Разговорот алудираше на близок пријателски однос помеѓу соговорниците.*

***Дали содржината на овој разговор може да има придонес за дебата од широк општествен интерес?***

*Овој разговор покрена дебата за независноста на медиумите и за релациите помеѓу високи државни функционери и новинари. Вмешувањето на јавни функционери во уредувачката политика на приватен медиум ја доведува во прашање улогата на медиумите во државата како независни и објективни гласила кои непристрасно ги информираат граѓаните за прашања од јавен интерес.*

***Дали и колку и се познати во јавноста лицата на кои се однесува објавата?***

*Соговорниците и се познати на пошироката јавност и маргините на нејзините очекувања за приватност се потесни.*

***Дали објавувањето на содржината на овој разговор го поминува тестот на јавен интерес?***

*Објавувањето на содржината на овие разговори покрена и во иднина треба да продуцира корисна и екстремно важна дебата за односите помеѓу политичарите и новинарите/уредниците чии приватни и пријателски релации се очекува да бидат строго одвоени од професионалните односи. Одвоеноста на приватните од деловните релации е предуслов за елиминирање на можноста за влијание на функционерите врз креирањето на медиумските политики. Со тоа, автоматски се елиминира можноста за влијание врз објективноста на медиумското информирање на граѓаните. Со оглед на тоа што овие објавени разговори продуцираа дебата во врска со важни теми од јавен интерес, нивното објавување, согласно релевантните критериуми, го поминува тестот на јавен интерес.*

5

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Проблематиката поврзана со правото на приватност не доволно се третира во Р. Македонија, наспрема секојдневните ризици за приватноста кои ги генерира современиот начин на живот и новите технологии за комуникација. Одредено поместување се забележа како последица на скандалот со нелегитимното следење на комуникации и интегралното објавување на разговорите од тие комуникации. Покрај другите прашања, во фокусот на овој скандал се најде правото на почитување на приватноста. Врз основа на направените анализи, во однос на поставените истражувачки прашања утврдени се следните заклучни констатации:

1. Националната легислативна рамка со која се третира заштитата на правото на приватност е заокружена првенствено преку Законот за заштита на личните податоци, но и други закони и подзаконски акти релевантни за оваа област. ЗЗЛП е усогласен со европската регулаторна рамка и претстои негова хармонизација со легислативните акти од европскиот реформски пакет.

Во Законот за следење на комуникации и во Законот за електронските комуникации нотирани се одредени дискутабилни одредби кои при нивната практична имплементација можат да претставуваат основа за евентуално пречекорување на овластувањата на службите, што автоматски значи и реална опасност од неоснована повреда на приватноста на граѓаните. Во однос на надзорот над следењето на комуникациите, констатациите се дека тој не е ефикасен, не претставува коректор на работењето на органите кои ги следат комуникациите, не се одвива во континуитет преку воспоставена практика и е подложен на партиски и политички влијанија.

Законот за заштита на приватноста не понуди издржани законски решенија, а последните случувања со објавување на разговори со исклучително приватна содржина, покажа дека Законот не се почитува целосно во пракса.

2. Од страна на медиумите или медиумските здруженија не се креирани интерни правила за заштита на приватноста во новинарското известување. Релевантните интерни акти на медиумските здруженија немаат утврдено принципи и критериуми според кои треба да се одмерува јавниот наспрема приватниот интерес, ниту алатки за заштита на приватноста и покрај тоа што е оценето дека непочитувањето на приватноста е една од најчестите повреди на Кодексот на новинарите.

3. Во однос на медиумското објавување и пренесување во јавноста на содржината на телефонските разговори од незаконското следење на комуникациите, впечатокот е дека во одредени моменти се премина границата на пристојност и минимум почитување на приватност. Не беше направена потребната содржинска и персонална селекција на разговорите, а сензационализмот беше присутен во текот на целиот процес на објавување. Се чини дека дел од медиумите, особено електронските, потфрлија во почитувањето на општо прифатените стандарди за пренесување на информација кога е засегнат приватен интерес. Дел од објавените разговори несомнено отворија дебата за релевантни прашања од јавен интерес, меѓутоа за дел од разговорите, особено тие со приватна содржина, објавувањето не може да го помине тестот на јавен интерес.

6

# ПРЕПОРАКИ

Постигнување на рамнотежа помеѓу правото на приватност и слободата на изразување и информирање е деликатен процес, особено ако се има предвид фактот дека е тешко да се генерализира што сè би можело да се подведе под поимот на приватност, и каде, всушност, се границите на дозволеното мешање на државата, на медиумите или на други поединци во приватноста на еден човек. Во таа насока можат да се дадат следните препораки во однос на постојното законодавство и во однос на медиумите:

1. Во Законот за следење на комуникации и Законот за електронските комуникации, треба да се преиспитаат одредбите и предвидениот услов за издавање на усна судска наредба за следење на комуникации, но и да се внесат нормативи за чувањето на транскриптите од следените комуникации, нивниот трансфер до надлежниот суд, како и одредби со кои поблиску би се определиле категориите на лицата кои се одговорни за примена на мерката следење на комуникации. Треба да се усвои и адекватна подзаконска регулатива со која прецизно ќе се уреди методологијата според која ќе се спроведува надзорот над следењето на комуникациите и ќе се утврдат критериуми за одговорност во случај на неефикасен надзор.
2. Секој медиум треба внимателно и објективно во секој поединечен случај и во контекст на сите специфики на случајот да ја процени важноста на секоја информација, особено кога постои потенцијална опасност дека со одредена објава ќе се повреди нечија приватност. Проценката претпоставува разгледување на фактите во корист и на јавниот и на приватниот интерес, за да се утврди кој интерес ќе преовлада, за да му се даде предност во конкретниот случај. Корисно е да се примени и тн. тест на влијание, односно пред да се објави одредена информација која навлегува во приватноста, треба да се утврди дали таа има потенцијал негативно да влијае врз животите на голем број луѓе.
3. Медиумските здруженија треба да го поттикнат креирањето на интерни правила во форма на правилници, упатства, задолжителни инструкции и други акти на ниво на медиум, како и креирањето на стандарди на ниво на медиумските здруженија, за задолжителна примена на конкретни ефикасни механизми кои ќе обезбедат етика во новинарството и заштита на приватноста, како на пример: анонимизирање на личните податоци, заматување на фотографии, објавување на иницијали наместо име и презиме, дисторзија на глас.
4. Медиумските здруженија треба да го поттикнат дефинирањето на конкретни одговорности за интернет порталите, веб форумите, модераторите на блогови, кои нема да се придржуваат на стандардите за етика во новинарството и за почитување на приватноста.
5. Медиумите треба да ја почитуваат обврската за обработување на личните податоци во согласност со правилата утврдени со Законот за заштита на личните податоци, особено во однос на обемот на обработка. Начелото на неопходност налага обврска да се собираат само личните податоци кои се адекватни, релевантни и не прекумерни и кои се неопходни за остварување на легитимната цел. Евентуално собраните податоци од страна на медиумот кои не се во функција на целта за која се собрани, треба да се поништат.
6. При објава која содржи лични податоци (фотографии, текстуални објави и други содржини) кои се постирани на личните профили на корисниците на социјалните мрежи, треба да се обебеди согласност од субјектот на личните податоци. Без обезбедена согласност овие содржини не би требало да се реобјавуваат, бидејќи иако се смета дека се во јавен домен, сепак пренесени од медиумите, тие како информација стигнуваат до значително поширок аудиториум.

# 7

# БИБЛИОГРАФИЈА


## Литература

- ALLEA, Report Series 2, Privacy Protection in the Information Society, (Issues and recommendations), 2002
- Bloustein, E., Privacy as an aspect of Human Dignity, 39 New York University Law Review, 1964
- Boban, M., Pravo na privatnost i pravo na pristup informacijama u suvremenom informacijskom društvu во Zbornik radova Pravnom fakultetu u Splitu, 3/2012
- Flaerty, D., Protecting Privacy in Survelliance Society, The University od North Carolina press, 1989
- Garrett, B., Individual Right and Civic Responsibility, The Right to Privacy, The Rosen Publishing Group, Inc., 2001
- Janis, M.W., Kay, R.S., Bradly, A.W., European Human Rights Law, Oxford University Press, 2000
- Michael, J., Privacy and Human Rights, 1 (UNESCO 1994)
- Tiilikka, P., Balancing Freedom of Expression and the Right to Private Life in the EChHR - Some Critical Remarks, University of Helsinki, 2013
- Westin, A.F., Privacy and Freedom, Bodley Head, 1970
- Warren, S. & Brandies, L., The Right to Privacy, Harward Law Review, No. 5, Boston, 1890
- Гундерман, Л. “Коментар на законот за заштита на личните податоци”, Дирекција за заштита на личните податоци, Скопје, 2010
- Трајковска Лазарова, М., Слободата на изразување низ праксата на Европскиот суд за човекови права, МЦМС, Скопје, 2015

## Регулативи

- Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр. 52/1991
- Закон за заштита на личните податоци, Службен весник на РМ, бр. 7/2005, 103/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014 и 153/2015
- Закон за следење на комуникациите, Службен весник на РМ, бр. 121/2006, 110/2008, 116/2012
- Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ, бр. 150/2010
- Закон за електронските комуникации, Службен весник на РМ, број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 83/2010, 13/2012, 123/2012
- Закон за електронските комуникации, Службен весник на РМ, бр. 39/2014
- Закон за заштита на приватноста, Службен весник на РМ, бр. 196/2015
- Кодекс на новинарите на Македонија
- Прирачник за етика во новинарството
- Прирачник за јавниот интерес во новинарството

## Случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права


- Axel Springer v. Germany (39954/08) 07.02.2012
- Bucur and Toma v. Romania (40238/02), 08.01.2013
- Handyside v. United Kingdom, 24 A, 07.12.1976
- Mladina D.D. Ljubljana v. Slovenia (20981/10), 17.04.2014
- Oberschlick v. Austria (11662/85), 23.05.1991
- Sürek v. Turkey (26682/95), 31.07.2007
- Times Newspapers Ltd v. United Kingdom (3002/03; 23676/03), 10.03.2009
- Von Hannover v. Germany (2), (40660/08 и 60641/08), 07.02.2012


## Интернет ресурси


- http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf
- http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:31995L0046:en:HTM
- http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32002L0058:en:HTML
- http://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-AD(2016)008-e
- http://privatnost.mk/izveshtaj-od-sprovedeni-intervjua-i-anketa-so-ekspertska-javnost/
- http://privatnost.mk/balans-pomegu-pravoto-na-privatnost-i-pravoto-na-informiranost/
- https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/sites/default/files/Privacy,%20Probity%20and%20Public%20Interest_0.pdf
- http://www.sbc.org.pl/Content/11963/doherty.pdf - POLITICIANS AS A SPECIES OF ”PUBLIC FIGURE” AND THE RIGHT TO PRIVACY

8

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

**Билјана Каровска Андоновска** докторираше во 2013 година на Правниот факултет „Јустинијан први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Примена на меѓународните стандарди во заштита на правото на приватност во Република Македонија, со посебен осврт на тајноста на комуникацијата“. Нејзина сфера на интерес се човековите права, особено личните права и нивната заштита. Автор е на значаен број научни и стручни трудови за правото на приватност, тајноста на комуникациите и личните податоци. Вработена е на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје кадешто реализира настава по предмети од областа на правните науки.

9

# ЗА ПРОЕКТОТ

Институтот за комуникациски студии (ИКС) го имплементира проектот „**Зголемување на моќта на граѓанското општество во Македонија за изразување на јавниот интерес (транспарентност и отчетност на институциите)**“. Во рамки на проектот ИКС соработува со повеќе невладини организации во Македонија со цел информирање на јавноста за нивните активности и вклучување на граѓаните во дебатата за теми и прашања од јавен интерес. Како дел од проектот ИКС разви и отворена онлајн платформа преку која им се овозможува на невладините организации да комуницираат со граѓаните и пошироката јавност и да ги презентираат своите активности (www.samoprasaj.mk / www.justask.mk).

Преку работилници и тренинзи, ИКС ќе им помогне на претставници на невладините организации и на новинарите и креаторите на јавно мислење да ги надградат своите вештини на комуницирање со медиумите, граѓаните и државните институции; да ги развијат своите презентациски вештини и вештини на говорење; и да научат како најефективно да ги користат социјалните медиуми и мултимедијални алатки за презентација на својата работа во јавноста.

Преку набљудување на медиумските содржини и начинот на известување на највлијателните телевизиски станици во текот на предизборниот период и за време на изборниот процес, ИКС го оценува нивото на политичкиот плурализам и застапеноста на различни гледишта во известувањето на овие медиуми. Добиените анализи и податоци ќе им користат на граѓаните, граѓанскиот сектор, медиумските организации, носителите на одлуки и на меѓународната заедница при креирање поткрепени ставови и аргументи за иницирање политики.

За да допре до пошироката публика, ИКС користи посебно развиена веб платформа *Res Publica* (respublica.edu.mk) на која ги поттикнува граѓаните, новинарите и експертите да пишуваат блогови и да дебатираат за прашања од јавен интерес. На овој начин, ИКС креира професионална мрежа која во континуитет ќе анализира и континуирано ќе ја запознава јавноста со проблемите од јавен интерес.

Проектот е поддржан од Британската амбасада во Скопје.

10

# ЗА ИЗДАВАЧОТ

Институтот за комуникациски студии (ИКС) е основан од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во 2013 година. ИКС е водечка научно-истражувачка организација во областа на студиите по новинарство, медиуми, односи со јавност, политичка комуникација и корпоративно комуницирање. ИКС во Македонија има двоен фокус: со академските и применетите истражувања да ја унапредува науката и да им биде поддршка на практичарите; и преку постдипломските студии да изгради мрежа на млади истражувачи кои ќе ги зајакнуваат столбовите на овие научни дисциплини.

Институтот е акредитиран за спроведување на постдипломски студии во две области: Менаџирање на стратегиски комуникации и Менаџирање на медиуми и мултимедија. Поврзувањето на процесот на настава и учење со научноистражувачката дејност му овозможува на Институтот да го поттикнува развојот на млади кадри во истражувачката дејност и да го унапредува процесот на создавање и ширење на знаењето.

**Институтот ги има следниве основни цели:**

- Развивање академски и применети истражувања кои ќе го надградуваат знаењето во сферата на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста;
- Градење темелна истражувачка база која ќе биде користена за процесот на образование во областа на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста;
- Промовирање иновативни идеи во истражувањата што се поврзани со потребите на индустријата;
- Поттикнување на развојот на младите кадри во истражувачката дејност преку вклучување на студентите и на младите истражувачи во оваа област;
- Публикување на резултатите од истражувањата за актуелни теми и прашања со цел да придонесе во јавната дебата и во градењето на политиката во областите во кои работи ИКС.

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# ПОД ОКОТО НА ЈАВНОСТА:
# ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА

res public


ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МОЌТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА
British Embassy
Skopje
ИНСТИТУТ
ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ
Јуриј Гагарин 17-1/1
1000 Скопје, Македонија
Т. +389 2 30 90 004
info@iks.edu.mk I www.iks.edu.mk